РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-1493/2 (2015)
01-02-2022

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 60 - та седница, прво продолжение, одржана на ден 31.01.2022 година донесе

**О д л у к а**

Постапката по предметот број 09-1493/1 од 03.03.2021 година, оформен по доставена пријава против д-р ------- -------, избрана за асистент во наставно научните области – ----- ----- - ------ , при Универзитетот Св. Кирил и Методиј, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување од причина што нема доволно и јасни наводи во пријавата и нема можност да обезбеди дополнителни информации.

Оваа одлука во анонимизирана форма се објавува на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09-1493/1 од 03.03.2021 година е оформен врз основа на пријава од непознат подносител со наводи против лицето д-р ------ -------, избрана за асистент во наставно научните области – човекови слобода и права, при Универзитетот Св. Кирил и Методиј и притоа, се наведува дека истата е во блиски роднински врски со д-р ------ -----, професор на Институтот каде е избрана ------ -------.

Исто така, во пријавата се наведува дека при изборот за асистент, рецензентската комисија и наставно научниот совет на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања, го прекршиле Законот за високо образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор на наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратор на Универзитетот Св. Кирил и Методиј.

Во пријавата, не се конкретизирани наводите за каков степен на сродство станува збор, ниту пак дали имало влијание од страна на д-р ----- ------- при изборот, за која се вели дека е во роднинска врска со избраниот кандидат за асистент на институтот.

Имајќи го во предвид и фактот дека станува збор за анонимна пријава, ДКСК не е во можност да се обрати до подносителот со цел конкретизирање и прецизирање на наводите во пријавата, поради што ДКСК не може да го продолжи своето надлежно постапување.

Имајќи го во предвид погоре наведеното, Државната комисија нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот, поради што се одлучи како во диспозитивот на одлуката.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател**
**Горан Трпеноски**

По заклучок на ДКСК,
Изработил: Е.Н., соработник
Контролирал: К.З, раководител
Одобрил: Н.Б., член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk